Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија
Бр. 08-534/1
13.07.2018 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Рег. 03-658
Дата: 19.07.2018

Агенција за иселеништво на Република Македонија
Ул. "Македонија" бр. 19
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 633
Факс: (02) 3118 539
Е-пошта: info@minisel.gov.mk
Сајт: www.emigration.gov.mk

# МЕМОРАНДУМ
## За соработка на Агенцијата за иселеништво со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

**1. Агенцијата за иселеништво и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија билатерално ги утврдија и договорија следните прашања за соработка, произлезени од законските надлежности на двата органи и тоа:**

- Соработка за креација, развој, создавање и поддршка на проекти од областа на туризмот кои се во интерес на иселениците од Македонија,
- Соработка во делот на промоција на туризмот пред иселениците,
- Взаемно информирање за активностите и проекти од значење за иселениците од Македонија,
- Поголема инволвираност на Агенцијата за иселеништво во делот на промоцијата на туризмот во земјата и во странство,
- Поголема информираност за туризмот пред иселениците за време на нивниот престој во Република Македонија, како и пред нивно доаѓање,
- Взаемна размена на промотивен материјал за потребите на иселениците од Македонија,
- Заедничко промовирање на туристичките потенцијали на Република Македонија пред иселениците во средините во кои што живеат со цел нивно поголемо инволвирање во развојот на туризмот во Република Македонија

**2. Агенцијата за иселеништво и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија го договорија следниот начин на дејствување:**

- Заради реализација на надлежностите на двата органа, наведени во првиот дел на овој Меморандум, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија да определи лице за контакт, за остварување на директна комуникација со Агенцијата за иселеништво.

- Меѓусебно информирање за одржување на средби во организација на иселеничките организации или културни манифестации, промоции и слични настани на иселениците и иселеничките организации.

- Размена на информативно – пропагандни материјали (брошури, ЦД, постери и сл.)

---

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Рег.
Дата:

Агенција за иселеништво на Република Македонија
Ул. "Македонија" бр. 19
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 633
Факс: (02) 3118 539
Е-пошта: info@minisel.gov.mk
Сајт: www.emigration.gov.mk

**3. Меморандумот влегува во сила со денот на потпишување и истиот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по два примероци за секоја страна.**

| | |
|---|---|
| **Агенција за иселеништво --** | **Агенција за промоција и поддршка на туризмот** |
| **Директор,** | **Директор,** |
| **Никола Шалваринов** | **Љупчо Јаневски** |

Агенцијата за иселеништво на Република Македонија ги врши работите и задачите кои се однесуваат на положбата и правата на иселениците од Македонија, помагањето на нивниот културен развој и унапредувањето на врските со нив и нивните организации, запознавањето на иселениците од Македонија со состојбата во Република Македонија, создавањето услови за враќање на иселениците во Република Македонија, создавање услови за вклучување на иселениците во јавниот и економскиот живот на Република Македонија и други работи утврдени со закон.